РЕАКТОР
истражување во акција

Kvinna till Kvinna

# АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОГРАМИ **ОД РОДОВ АСПЕКТ**

Предвремени парламентари избори
**2016**

Предвремени парламентари избори 2016

# АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОГРАМИ ОД РОДОВ АСПЕКТ

**Издавач:**
Реактор – Истражување во акција

**За издавачот:**
Марија Башевска, Претседателка

**Дизајн:**
Бригада

**Печат:**
Про Проинт

**Тираж:**
100

**Бесплатен/Некомерцијален тираж**

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) и Фондацијата Квина тил Квина. За содржината на овој документ целосно е одговорен Реактор и во никој случај не ги рефлектира позициите на Sida и Квина тил Квина.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

**329.1/.6:305-055.2(497.7)"2016"**

АНАЛИЗА на политичките програми од родов аспект : предвремени парламентарни избори 2016. - Скопје : Реактор - истражување во акција, 2017. - 58 стр. : табели ; 24 см
Фусноти кон текстот

**ISBN 978-608-4684-21-3**

а) Политички партии - Изборни програми - Застапеност на жени - Македонија - 2016
COBISS.MK-ID 102662410

# ВОВЕД

Родовата анализа на програмите на политичките партии за предвремените парламентари избори за 2016 година е направена со цел да се процени дали и во колкава мера родовата перспектива е вклучена при изготвувањето на политичките програми. Анализата дава преглед на изборните програми на партиите и коалициите во однос на вклученоста на родовиот аспект во предвидените мерки и колку од мерките конкретно се насочени кон унапредување на економскиот, социјалниот, политичкиот и на општествениот статус на жените.

Земајќи го предвид тоа што Република Македонија бележи континуирано влошување на позицијата на жените, нотирано во важни меѓународни извештаи[1], вклучувајќи го Извештајот за напредокот на Европска комисија, целта на оваа анализа е да се даде преглед на тоа колку од специфичните потреби на жените се земени предвид и се адресирани во изборните програми на политичките партии и коалиции. Дополнителна цел на оваа анализа е да им овозможи на политичките партии насоки за сеопфатно вклучување на родовиот аспект во нивните идни програми и политики. Анализата може да се користи и како основа за креирање индекс за мерење на степенот на вклученост на родовата перспектива во програмите на политичките партии на следните парламентарни избори.

Предмет на анализата се следните политички партии и коалиции: ВМРО–ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, Либерална партија, Демократски сојуз, Левица, Движење Беса и Унитети[2]. Програмите на ВМРО за Македонија, ДПА и ПДП не беа предмет на анализа, бидејќи не беа јавно достапни, а во контакт со партиите не бевме во можност да ги добиеме. Анализата има цел да ја информира пошироката јавност за политичките

1 Според Индексот на глобалниот родов јаз на Светскиот економски форум, Република Македонија во 2006 година била на 28-то место од 115 земји, а во 2016 на 73-тото место од вкупно 144 земји. Од 2006 до 2016 година државата паѓа за 45 места, што укажува на влошување на родовата еднаквост и продлабочување на родовиот јаз меѓу жените и мажите. Достапно на: http://reports.weforum.org/global-gender-gap-report-2016/economies/#economy=MKD

2 ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија“, СДСМ и коалицијата „За живот во Македонија“, Демократскиот сојуз и „Коалицијата за промени и правда“, Унитети, коалицијата „За правда на Албанците“.

партии што во најголема мера се грижат за правата на жените и ќе вложат во унапредувањето на родовата еднаквост.

Прелиминарните наоди укажуваат на потребата од поголема соработка меѓу граѓанските организации и политичките партии. Во иднина експертизата на граѓанските организации треба да се искористи во подготовката на програмите, со цел сеопфатно вклучување во родовиот аспект во предвидените активности и мерки на политичките партии. Важно е да се нагласи дека поради краткиот период, методологија за начинот на кој се правеше анализата не беше доставена до партиите за време на кампањата. Сепак, врз основа на наодите што ќе им бидат доставени до политичките партии, се очекува во следниот изборен циклус родовиот аспект да биде вклучен во многу поголема мера во програмите на политичките партии. Дополнително, за разлика од сега, за следните парламентарни избори нема да се дава само преглед на програмите туку партиите ќе се оценуваат и за степенот на вклученост на родовиот аспект во нивните програми.

# СУМАРНИ НАОДИ

- Од анализираните програми, СДСМ и ДУИ се партии што го вклучиле родовиот аспект во своите програми во поголема мера во споредба со другите. Програмите на овие две партии предлагаат мерки за економско зајакнување на жените, справување со насилството врз нив и нивна поголема вклученост во донесувањето одлуки, но имаат и различни аспекти што се опфатени во програмите. На пример, ДУИ предлага мерки со кои ќе им се обезбеди на жените еднаков пристап до наследството, како и воведување родови студии на државните и на приватните универзитети. Програмата на СДСМ системски го адресира унапредувањето на родовата еднаквост и посветува најголем број мерки наменети за унапредување на родовата еднаквост, какво што е вклучувањето на родовиот аспект во политиките на локално и на национално ниво, воведување родово сензитивен јазик во училиштата и справување со родовите стереотипи во образованието. Програмата на СДСМ предвидува унапредување на институционалните механизми за родова еднаквост преку воведување Секретаријат за родова еднаквост при Владата на Република Македонија, кој ќе се грижи за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите на национално и на локално ниво.

- ВМРО–ДПМНЕ во помала мера го вклучува родовиот концепт во предлог-мерките. Од вкупно 17 области, **само во 4 се споменуваат жените. Во програмата не постојат мерки за зголемување на учеството на жените во донесувањето одлуки на сите нивоа, ниту мерки за унапредување на сексуалните и на репродуктивните права на жените. Родовиот аспект е делумно предвиден во мерките за економија, еднакви можности, образование и здравство, но овие мерки не се доволно развиени за да имаат ефект и суштинско унапредување на родовата еднаквост.**

- Кај помалите политички партии, Левица најмногу се осврнува на правата на жените работнички, Либералната партија ги идентификува жените како еднакви фактори во општеството и се осврнува на нивните сексуални и репродуктивни права, додека Демократски сојуз во својата програма се осврнува само на учеството на жените во процесите на одлучување. Во програмата на Движењето Беса, родовиот концепт речиси воопшто не е застапен, додека пак, кај УНИТЕТИ родовиот дел на програмата повеќе наликува на декларација за генерална поддршка на концептот за родова еднаквост,

кој ќе се реализира преку: вклучување на жените во сите сфери на општеството преку образование, справување со дискриминацијата и предрасудите, вклучување во политиката и во одлучувачките структури и поддршка на женското претприемништво. Во програмата не постојат конкретни мерки за постигнување на овие цели.

- Од анализата може да се увиди понапредна застапеност на родовата перспектива во програмите на политичките партии што инвестирале во градењето на своите капацитети за унапредување на родовата еднаквост преку учество на обуки и работилници за родова еднаквост, во споредба со партиите што во помала мера биле вклучени во родови обуки. Ова покажува дека инвестирањето во градењето на капацитетите на партиите во однос на родовата еднаквост има ефект. Обуките за родова еднаквост на политичките партии треба да продолжат и да вклучуваат поголем број мажи.
- Од вкупно 58 поднесени кандидатски листи, само на четири листи носители се жени. Од поднесените листи може да се заклучи дека голем број жени што биле дел од проекти и обуки за засилување на капацитетите на жените политичарки, овој пат не се ставени на кандидатските листи. Носителките на кандидатските листи се од СДСМ, Либералната партија, Левица и Демократскиот сојуз. Иако законската квота се почитува, на најголем дел од листите жените, сепак, се изоставени од добитните места, и во најголема мера се ставаат стриктно според одредбите во Изборниот законик (трето, шесто, деветто и десетто место).
- Од вкупно девет програми што се предмет на оваа анализа, само во две делумно се користи родово сензитивен јазик (Левица и Либерална партија), додека, пак, другите програми не користат родово сензитивен јазик.
- Декларацијата за ратификување на Истанбулската конвенција, изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, со која партиите се залагаат дека доколку дојдат на власт ќе ја ратификуваат Конвенцијата, е поддржана и потпишана од страна на: Левица, СДСМ, ДУИ, Демократскиот сојуз, Либералната партија и Движењето Беса и Унитети. Декларацијата не е потпишана од страна на ВМРО – ДПМНЕ, што е загрижувачки фактор, имајќи предвид дека во моментов ВМРО ДПМНЕ е владеачката партија и е со поголемо мнозинство во составот на Владата на Република Македонија.
- Декларацијата за измена на Законот за прекинување на бременоста и обезбедување заштита на здравјето и на репродуктивните права на жената, изготвена од страна на Платформата за родова еднаквост, со која партиите се залагаат дека, доколку дојдат на власт, ќе ги променат рестриктивните одредби во Законот, со цел слободен избор и пристап до безбеден абортус, е потпишана од страна на партиите кои се цел на оваа анализа: Левица, СДСМ и Либералната партија. ВМРО–ДПМНЕ, ДУИ, Демократскиот Сојуз, Движењето Беса и Унитети ја немаат потпишано оваа декларација.

# ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ

- Економското зајакнување на жените е најзастапено во програмата на СДСМ со преку 12 мерки што имаат цел да го поттикнат еднаквото вклучување на жените на пазарот на трудот. Мерките вклучуваат и зголемување на минималната плата во текстилната индустрија, зголемување на опфатот на децата во градинките и промени во родителското отсуство, со цел порамномерна распределба на обврските поврзани со домот и со семејството. Програмата на ДУИ става акцент на програмите за самовработување и креирање поволни услови за работа, еднакви примања за жените и мажите, поддршка на жените за вклучување во надзорните одбори во приватниот сектор, како и нивно поставување на раководни функции, поддршка на жените за нивно вклучување во академската заедница и засилување на лидерските вештини.
- Програмата на ВМРО–ДПМНЕ се фокусира на женското претприемништво и на изградбата на социјална инфраструктура (детски градинки, домови за стари лица, дневни центри за грижа на стари лица и дневни центри за деца и лица со попреченост). Програмата вклучува активни мерки за вработување, но жените не се специфична целна група, иако најголем дел од нив се неактивни на пазарот на трудот[3].
- Левица предвидува зголемување на минималната плата и нејзино унифицирање во сите дејности, вклучувајќи ја и текстилната и кожарската индустрија, каде што над 80% од вработените се жени[4]. Во програмата предвидуваат стимулации за намалување на родовиот јаз во платите преку условување на јавните набавки, зголемување на породилното отсуство, како и зголемување на периодот за флексибилно работно време за мајките на две години. Дополнително, предвидуваат и мерки за економско зајакнување на жените од руралните подрачја преку програми за помош.

3 Според Државниот завод за статистика, 55% од жените се неактивни на пазарот на трудот, а од вкупното неактивно население дури 64% се жени: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf

4 Државен завод за статистика (2014). Вработени и нето-плати: http://goo.gl/liymsr

- Беса се залага за поддршка на  жените претприемачи преку кофинансирање на малите и средните претпријатија раководени од жени. Како посебно маргинализирана група се издвоени родителите што се обврзани на 24- часовна придружба на нивните деца и, бидејќи не се во можност да работат, планирана е финансиска поддршка за едниот од родителите, по обезбедено мислење од лекар дека на детето му е потребна постојана придружба. Земајќи предвид дека 100% од лицата што ги напуштиле работните места поради грижа за деца или возрасни неспособни лица се жени[5], оваа мерка позитивно ќе влијае врз положбата на жените.
- УНИТЕТИ не предвидуваат мерки за зајакнување на економската позиција на жените.

5 Државен завод за статистика (2015). Анкета за работна сила.
Достапна на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf

# УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ОДЛУЧУВАЊЕ

- СДСМ предвидуваат зголемување на квотите за политичко учество на жените и постигнување еднаков сооднос на вработените мажи и жени до 2020 година.
- ДУИ се обврзува на постигнување на квотата од 40% на учество на жените во политичките партии и државните органи и ја идентификува потребата од сеопфатна анализа на состојбите на жените во Македонија, со посебен фокус на жените Албанки, изразени преку статистички податоци.
- Во својата програма Левица истакнува заложба за зголемување на застапеноста на жените на раководни позиции во јавниот сектор, како и подигање на јавната свест за поголема застапеност на жените на раководни позиции во приватниот сектор.
- Демократски сојуз во програмата се спротивставува на сите видови дискриминација и се залага за еднакви можности во општествениот и во политичкиот живот. Во овој контекст, во програмата е наведено дека ќе се обезбедат услови за рамноправна застапеност на жените на изборните листи, како и при именување на носители на јавни функции, членови на управни одбори и сл.
- Либералната партија предвидува политички систем со функционални институции и предвидува **промена на изборниот модел во пропорционален модел со една изборна единица и отворени кандидатски листи**, со гарантирани места за помалите етнички заедници и со обезбедување родова еднаквост.
- ВМРО–ДПМНЕ, Унитети и Беса не предвидуваат никакви мерки насочени кон зголемување на учеството на жените во политичките процеси.

# РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

- ВМРО–ДПМНЕ предвидува мерки за превенција, спречување и препознавање на семејното насилство и подобрена заштита на жртвите на семејното насилство преку координиран мултисекторски пристап на надлежните институции и здруженија на национално и на локално ниво. Програмата не предвидува мерки во насока на препознавање на родово базираното насилство и на сексуалното насилство, и нема најава за ратификување на Истанбулската конвенција.
- Програмата на СДСМ предвидува 10 мерки што ќе се справат системски со родово базираното насилство, давајќи посебен осврт на сексуалното насилство, кое во моментов не е препознаено. Програмата на СДСМ како приоритетни мерки ги предвидува: ратификувањето на Истанбулската конвенција и воспоставување стандардизирани институции што ќе го гарантираат минималниот пакет на услуги за заштита на жртви од родово базирано насилство. Земајќи го предвид фактот дека државата нема воспоставено минимален пакет услуги за жртвите на родово базираното насилство (според препораките на Советот на Европа), се претпоставува дека мерката ќе воведе нови процедури, кои ќе овозможат пакет-услуги за жртвите на родово базираното насилство.
- Во програмата на ДУИ се предложени мерки за борба против насилството врз жените и справување со последиците од насилството: унапредување и засилување на постојната законска рамка и обезбедување поддршка за жртвите на семејно насилство. Програмата не предвидува мерки во насока на препознавање на родово базираното насилство.
- Либералната партија, Демократскиот сојуз, Левица, Беса и УНИТЕТИ не предвидуваат мерки за справување со родово базираното насилство.

# ЗДРАВСТВО

- ДУИ става акцент на жените во руралните средини, едукација, превенција од канцерогени заболувања, особено оние што ги погодуваат жените, репродуктивно здравје, сексуално образование (за жените од сите возрасти, со фокус на младите девојки/ адолесцентите), бесплатни и редовни контроли за жените од руралните подрачја, воведување закон за задолжителен систематски преглед за болестите што ги погодуваат жените, психо-социјална поддршка и отворање центри за поддршка за жените. Сепак, предвидените мерки не се јасни во однос на типот на едукацијата и што конкретно ќе се постигне за унапредување на репродуктивното здравје на жените.
- ВМРО–ДПМНЕ предвидува бесплатен скрининг на дезинтометрија на коските, која ќе опфати меѓу 13.200 и 29.600 жени на возраст од 52 и 54 години. Дополнително, се предвидува воведување Национален систем, кој ќе ги интегрира сите потребни податоци поврзани со следењето и мониторирањето на бременоста и исходот од неа.
- Во примарната здравствена заштита СДСМ ќе се залага за обезбедување соодветна здравствена заштита на жените, со што секоја жена во Република Македонија ќе има свој матичен гинеколог. Една од мерките во делот за здравството е и укинување на одредбите на Законот за прекин на бременоста, кои го ограничуваат правото на избор на жените, но и пристапот до безбеден и легален абортус.
- Левица предвидува измена на Законот за прекинување на бременоста, и тоа во одредбите што го ограничуваат пристапот до абортус на жените во здравствените институции и го загрозуваат правото на здравствена заштита, како и нивните репродуктивни права.
- Демократскиот сојуз предлага обезбедување специјализации за гинеколози и нивно распределување во сите подрачја во државата и превентивно дејствување.
- Во својата изборна програма Либералната партија потенцира дека жените не се „објекти за расплод“ и се еднакви фактори во општеството, а се фокусира на

сексуалните и на репродуктивните права на жените, правото на избор да одлучуваат за своето тело, еднаквоста во планирањето на семејството, како и на наметнатата традиционална улога во семејството, која го ограничува нивното право на избор.

- Беса и УНИТЕТИ немаат предвидено мерки во областа на здравството.

# ВМРО–ДПМНЕ РЕАЛНО, РАБОТА, СИГУРНОСТ, НАПРЕДОК

**Програма – 516 страни**

**Во програмата нема вредносна изјава за родовата еднаквост и во** програмата не се користи родово сензитивен јазик.

Употребени родово сензитивни термини

Жени – 24 пати

Родова еднаквост – 1

Семејно насилство – 7 пати

Родово – 2

Родово поделена статистика – нема

**Програмата на ВМРО – ДПМНЕ за 2017–2020 година вклучува 17 области, а само во 4 области се споменуваат жените или се предвидуваат мерки што потенцијално би ја унапредиле родовата еднаквост во државата.**

**Во програмата не се споменуваат, ниту, пак, постојат мерки за зголемување на учеството на жените во донесувањето одлуки на сите нивоа.**

**Програмата не посветува** посебно внимание на потребата од родово поделени статистички податоци, кои се продуцираат од Државниот завод за статистика и од другите државни институции. Програмата воопшто не ги споменува или зема предвид стратегиските документи за унапредување на родовата еднаквост, какви што се: Стратегија за родова еднаквост (2013–2020) и Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата.

Програмата во многу мала мера го вклучува принципот на родова еднаквост во предвидените мерки за периодот 2017–2020 година.

Од страна на ВМРО–ДПМНЕ, за време на предизборната кампања, не се потпишани декларациите изготвени од страна на граѓанските организации:

1. Декларација за потпишување на Истанбулската конвенција, изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство;

2. Декларација за измена на Законот за прекинување на бременоста и обезбедување заштита на здравјето и на репродуктивните права на жената, изготвена од страна на Платформата за родова еднаквост.

Унапредување на жените и вклучување на родовиот аспект е предвидено во мерките за економија, еднаквите можности, образованието и здравството.

## Економија

Економскиот дел на програма не ги зема предвид различните потреби на жените и мажите на пазарот на трудот и, притоа, нема специфични мерки што имаат цел да го зголемат процентот на вработеност кај жените. Иако програмата вклучува активни мерки за вработување, сепак, жените не се издвоени како посебна целна група. Конкретно, програмата не предвидува мерки за вработување на лица што не се активни на пазарот на трудот, а кои во најголем процент се жени[6]. Дополнително, предвидените мерки за вработување се дел од проектот „Македонија Вработува #2", проект на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување и чија имплементација ќе се реализира без оглед на резултатите од предвремените парламентарни избори.

Од вкупно 167 мерки предвидени во економскиот дел на програмата, жените се издвоени како посебна цел само во две мерки. Првата мерка предвидува креирање Стратегија за женско претприемништво (2017–2020), додека втората мерка предвидува финансиска поддршка за развојот на конкурентноста преку субвенционирање на трошоци за поддршка на претпријатија во сопственост и управувани од жени. Во однос на првата мерка, наведено е дека ВМРО–ДПМНЕ го препознава влијанието на жените и континуирано го промовира и го поддржува женското претприемништво. Сепак, важно е да се потенцира дека креирањето Стратегија за женско претприемништво се реализира од страна на Здружението на бизнис-жени[7], во соработка со Министерството за економија, и мерката е дел од стратегискиот план на Министерството за економија за 2017–2020 година, без разлика која политичка партија ќе формира влада.

6 Според Државниот завод за статистика, 55% од жените се неактивни на пазарот на трудот, а од вкупното неактивно население дури 64% се жени: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf

7 Национална стратегија за женско претприемништво: http://veles.gov.mk/veles3/index.php/2014-02-01-11-59-19/4506-nacionalna-strategija-za-zensko-pretpriemnistvo-2016 и информации добиени од страна на Валентина Дисоска, претседателка на Здружението на бизнис-жени.

## Еднакви можности

Во областа на еднаквите можности, предвидено е формирање совети за вработување, чија основна дејност ќе биде вработувањето и намалувањето на невработеноста во локалната заедница. Советите за вработување ќе имаат консултативна, советодавна функција и ќе даваат мислења, предлози и препораки до Советот на општината/и за иницијативи за измена и донесување одлуки и креирање законски решенија, кои влијаат врз материјалната положба на невработените, младите, жените и други. Оваа мерка предвидува дека со формирањето на Советот за вработување на локално ниво, родовиот аспект ќе биде земен предвид при измените и донесувањето одлуки и креирањето законски решенија што можат негативно да влијаат врз економската положба на жените. Доколку се формираат ваквите совети, тогаш позицијата на жените (особено маргинализираните жени) би била земена предвид при донесувањето одлуки, со што се претпоставува дека нивната позиција нема дополнително да се влоши, односно ќе има позитивно влијание врз нивната позиција.

Проектот „Грант за рурален туризам" има цел да ја засили економската положба на жените од руралните средини и во оваа мерка жените се специфично наведени како целна група. Преку основање сопствен бизнис жените што можат да понудат туристички услуги ќе бидат во можност да ја засилат својата економска позиција во руралните места каде што живеат. Доколку се земе предвид фактот дека најголем процент неплатени семејни работнички се жените од руралните подрачја[8], тогаш мерката позитивно би влијаела врз економската положба на овие жени, кои се заинтересирани да основаат свој бизнис.

Во делот за еднаквите можности програмата предвидува низа проекти што можат позитивно да влијаат на родовата еднаквост, но во самите мерки родовата перспектива не е земена предвид и жените не се споменуваат како клучни кориснички на овие мерки. Имено, предвидено е градење нови детски градинки, преку кои ќе се зголеми покриеноста на околу 18.000 деца, со што и ќе се олесни приклучувањето на пазарот на трудот на жените што не работат поради грижа за децата и кои немаат пристап до детски градинки. Со оглед на тоа што само 16,44%[9] од вкупниот број деца се згрижени во детски градинки, зголемувањето на опфатот на деца за повеќе од 50% ќе го зголеми бројот на згрижени деца во градинки на

8 Државен завод за статистика (2015). Анкета за работната сила: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf

9 Државен завод за статистика (2015). Установи за згрижување и воспитување деца, детски градинки – центри за ран детски развој. Во 2015 година вкупно 30.107 деца од 184 587 биле згрижени во детски градинки

24%. Поддршката на работодавачите за отворање градинки во рамките на своите работни организации ќе им олесни на жените да се интегрираат на пазарот на трудот поради достапноста на градинки на самото работно место. Доколку се земе предвид ниската опфатеност на деца во градинките, тогаш се претпоставува дека градинките ќе имаат доволно капацитет да ги згрижат децата на сите вработени, наспроти можноста да нема доволно капацитет во локалните градинки, фактор што би влијаел врз тоа дали жените ќе се вклучат или нема да се вклучат на пазарот на трудот.

Дополнително, се предвидува изградба на домови за стари лица, дневни центри за грижа на стари лица и дневни центри за деца и лица со попреченост, со што ќе се отстранат дел од пречките што влијаат врз вклученоста на жените на пазарот на трудот. Земајќи го предвид тоа што во 2015 година имало вкупно 20[10] домови за грижа на возрасни лица и само три установи за згрижување на лица со пречки во менталниот и во телесниот развој, тогаш оваа мерка позитивно ќе влијае врз жените што ги напуштиле работните места поради грижата за деца, стари или изнемоштени лица[11].

Воведување на право на надомест на плата за скратено работно време за родителите на лицата со попреченост над 26 години, зголемување на правото на надомест на плата за скратено работно време за родителите поради нега на дете со телесни или со ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања за 25% и заштита на работниците – родители на деца со посебни потреби, се мерки што во најголем дел позитивно ќе влијаат врз жените, земајќи го предвид тоа што во 2015 година  100% од лицата што ги напуштиле нивните работни места поради грижа за деца или за возрасни неспособни лица се жени[12].

Во програмата е вклучено воведување на неплатено родителско отсуство за таткото во период од три месеци, во кои работниот однос ќе мирува, а работникот ќе има право на здравствено осигурување. Со воведувањето на ваквата мерка ќе се намали дискриминацијата на жените на пазарот на трудот, поради тоа што породилното отсуство ќе се користи и од страна на мажите. Оваа мерка позитивно ќе влијае кон поделбата на обврските за грижа на детето меѓу двајцата родители, преку што и се намалуваат општествено наметнатите родови улоги (жените се оние што треба да се грижат за децата). Според Анкетата за користење на време-

10 Државен завод за статистика (2015). Установи и права на социјална заштита за малолетни и полнолетни корисници. Достапна на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2016/2.1.16.25.pdf

11 Според Анкетата за работна сила во 2015 година, 100% од лицата што ги напуштиле своите работни места поради грижа за деца, стари и изнемоштени лица биле жени.

12 Државен завод за статистика (2015). Анкета за работна сила.
Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf

то, просечното дневно користење на времето, според активностите на лицата по семеен статус, покажува дека онаму каде што има дете на возраст од 0 до 6 години жените во најголема мера посветуваат време на домашните обврски, и тоа речиси четирипати повеќе во споредба со мажите[13], со што и се потврдуваат родовите стереотипи за распределба на домашните обврски меѓу жените и мажите во македонското општество.

Ограничувањето на оваа мерка е во тоа што татковското отсуство ќе биде неплатено, што може да влијае врз буџетот на семејството и да ги дестимулира семејствата да се одлучат за земање татковско отсуство, со што жените повторно ќе бидат тие кои во целост ќе го користат породилното отсуство и ќе ризикуваат да бидат дискриминирани на пазарот на трудот.

Мерките за систем за пауза за доење ќе се сменат така што мајката ќе има можност за скратување на работното време, односно паузата за доење да ја искористи за да може да дојде подоцна на работа или да си замине порано, а не да ја користи како досега само во текот на работното време.

Областа еднакви можности дава осврт на законски воведената минимална плати и како таа ќе се зголемува во периодот до 2020 година. Во истиот дел програмата дава осврт и на индустриите што не се опфатени со Законот за минимална плата, вклучувајќи ја текстилната и кожарската индустрија, каде што над 80% од вработените се жени[14]. Ова јасно укажува дека и во претстојаниот период ВМРО–ДПМНЕ нема никаков план за изедначување на минималната плата во индустриите каде што во најголем број работат жени, што ги дискриминира жените и дополнително го продлабочува родовиот јаз во платите во Република Македонија.

Позитивна мерка е тоа што е планирано усогласување на платите на вработените во јавните установи за деца – детски градинки, со тоа што платите ќе бидат усогласени на ниво на гранка. Ова позитивно ќе влијае врз положбата на жените, поради тоа што 91% од вработените во детските градинки се жени[15].

Проектот за спречување на семејното насилство предвидува унапредување на мерките за превенција, спречување и препознавање на семејното насилство и подобрена заштита на жртвите на семејно насилство преку координиран мул-

13 Државен завод за статистика (2015). Според Анкетата за користење на времето и просечното дневно користење на времето според активностите по семеен статус и по пол во 2014/2015 година, жените трошат 4,49 часа на домашни обврски, во споредба со мажите, кои трошат 1,31 час на домашни обврски. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.20.pdf

14 Државен завод за статистика (2014). Вработени и нето-плати: http://goo.gl/liymsr

15 Државен завод за статистика (2015). Установи за згрижување и воспитување деца – детски градинки – центри за ран детски развој: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.01.pdf

тисекторски пристап на надлежните институции и здруженија на национално и на локално ниво. Мерката предвидува и изготвување програма преку која ќе се спроведуваат континуирани мултисекторски обуки за стручните работници од социјалната заштита, наставниците, воспитувачите и негувателите, здравствените работници, полициските службеници, јавните обвинители и судии, со цел превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Програмата не предвидува мерки во насока на препознавање на родово базираното насилство и нема најава за ратификување на Истанбулската конвенција.

Програмата на ВМРО–ДПМНЕ предвидува отворање на Центар за згрижување и рехабилитација на жртвите на трговија со луѓе и семејно насилство, кој во соработка со Агенцијата за вработување ќе нуди решенија за вработување на жртвите, додека во соработка со Министерството за правда ќе нуди бесплатна правна помош за жртвите за побрзо решавање на нивниот статус. Дополнително, се предвидува **ослободување од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход на лицата во социјален ризик**. **Важно е да се напомене дека** канцеларијата на Националниот механизам за упатување на жртвите на трговија (НМУ) и Центарот за лица жртви на трговија веќе извесен период работат со жртви на трговија преку обезбедување услуги, вклучувајќи и сместување на жртвите, придружување на жртвите за време на користење на медицински/социјални услуги, рекреативни активности и слично.

Исто така, програмата предвидува продолжување на родово одговорното буџетирање и вметнување на родовата перспектива во буџетските политики на национално и на локално ниво. Резултатите од овој проект ќе придонесат кон унапредување на учеството на граѓаните во креирањето на буџетските политики и вклучување на нивните приоритети и потреби во буџетите на ЕЛС и на Буџетот на РМ. Проектот ќе влијае и врз подобрување на родовата еднаквост преку буџетите на ЕЛС и преку буџетите на јавните и на државните институции. Меѓутоа, програмата не укажува дека предвидените мерките веќе се имплементираат како дел од проектот за родово одговорно буџетирање на Министерството на труд и социјална политика, во соработка со канцеларијата на UN Women. Оттука може да се заклучи дека мерката не е нова, туку е дел од веќе постоен проект, кој се имплементира од страна на МТСП, дел од министерствата и единиците на локалната самоуправа.

## Образование

**Во областа образование жените се споменуваат само во проектот** 30/35, **кој предвидува жените над 30 години и мажите над 35 години** да имаат можност под одредени финансиски и други поволности да се запишат на студиски програми од прв циклус студии, односно да се стекнат со диплома за завршено високо образование. Оваа мерка е родово слепа, односно не е наменета само за жените, туку за општата популација која поради различни причини во минатото не го завршила своето високо образование.

Дополнителни мерки наменети кон зголемување на жените во „нетрадиционалните" образовни програми и родово сензибилизирање во образовни програми од најрана возраст нема. За разлика од ова, во делот за еднакви можности предвиден е проект – Семејство – темел на општеството, кој има цел да ја развие свеста кај децата од најрана возраст за важноста на семејството во градењето почит и љубов кон семејните вредности. Овој проект подразбира низа хуманитарни и едукативни активности за изучување на семејните обичаи и традиции.

## Здравство

Во делот на здравството жените како целна група се споменати во превентивната програма за остеопороза и ослободување од партиципација. Со оваа мерка се предвидува скрининг на дензитометрија на коски на жените меѓу 52 и 54 години, планирани меѓу 13.200 и 29.600 прегледи на жени, при што целосно ќе бидат ослободени од плаќање партиципација, која ќе ја покрие Владата.

Програмата предвидува и термин за мониторирање на бременоста и следење на исходот од бременоста, со што ќе се воведе модул во Националниот систем, кој ќе ги интегрира сите потребни податоци поврзани со следењето на бременоста и исходот од неа. Процесот ќе започне со внесување на основните податоци уште при првиот преглед, односно при утврдувањето на бременоста. Матичните гинеколози, но и сите гинеколози што вршат прегледи на трудници, ќе бидат обврзани да ги водат податоците од извршените прегледи во дефиниран унифициран формат. На тој начин ќе се обезбедат информации што ќе помогнат за полесно и навремено утврдување на евентуалните аномалии или ризични параметри за време на бременоста. Во состав на модулот ќе бидат опфатени и податоци од породувањето. Во породилиштата ќе бидат евидентирани сите податоци за породувањето што се од значење. Ќе се води картон за новороденче, како и други дополнителни обрасци што ќе ги обединат податоците неопходни за евиденција на состојбата на мајката и на новороденчето, кои се потребни и при утврдување на параметрите

за проценка на евентуални неправилности при породувањето или при водењето на бременоста. Паралелно, сите трудници и родилки би добивале и СМС-пораки со кратки совети. Оваа мерка може да се оцени како позитивна, земајќи ја превид високата стапка на смртност на доенчињата во Република Македонија. Имено, во 2015 смртноста на доенчиња е  8,6, за разлика од просекот на Европска Унија, кој изнесува 4[16]. Се претпоставува дека оваа мерка ќе придонесе кон намалување на стапката на смртност на доенчињата, но, сепак, потребни се дополнителни мерки за зголемување на бројот на матични гинеколози, олеснување на пристапот на жените до матични гинеколози и заштита на сексуалното и репродуктивното здравје, што воопшто не е предвидено во програмата.

Во однос на рестриктивниот Закон за прекин на бременоста (абортус) не се предвидени никакви мерки, но според изборниот компас[17] ставот на ВМРО–ДПМНЕ во однос на ова прашање е дека:

1. Абортусот е сложен медицински зафат и затоа треба да се знаат последиците од абортусот, токму во функција на информирањето;
2. Жената треба да ги има сите информации пред да ја донесе конечната одлука за абортусот.

16 OECD and European Commision, Health at a Glance: Europe 2014: http://ec.europa.eu/health/reports/docs/health_glance_2014_en.pdf

17 Изборен компас – електронска апликација која им овозможува на граѓаните да ги споредат сопствените ставови со ставовите на партиите што дејствуваат а политичката сцена. Достапно на: https://www.izborenkompas.mk/mk/#/

# ДУИ ОДЛУЧУВАМЕ ЗАЕДНО ПЛАТФОРМА 2020

Програма – 117 страници

Во програмата нема вредносна изјава за родовата еднаквост. Умерено се користи родово сензитивен јазик, посебно во мерките што се однесуваат на унапредување на родовата еднаквост.

Употребени родово сензитивни термини

Жени – 3

Родова еднаквост – 5

Семејно насилство – /

Жените и насилството- 2

Родово – 17

Родово поделена статистика – нема

Програмата на ДУИ – Одлучуваме заедно – Платформа 2020 е образложена на 117 страници во 3 поглавја. Во третото поглавје, насловено како: „Општество: Човечки ресурси и општествена кохезија",образложени се предлог-мерките за постигнување родова еднаквост.

Демократската унија за интеграција (ДУИ) во својата изборна програма дава конкретни мерки што треба да придонесат кон родова еднаквост и унапредување на правата на жените, со посебен фокус на жените и младите девојки од руралните подрачја. Изборната програма ДУИ ја темели на државните стратегии за родова еднаквост, економското јакнење на жените, семејното насилство, потенцирајќи дека е потребно надградување и унапредување на постојните програми мерки. Во програмата се користени статистички податоци од Државниот завод за статистика, но не се родово разделени. Во поглавјето за родова еднаквост, во повеќе мерки, се нагласува потребата од обезбедување статистички податоци што јасно

ќе ја покажат состојбата на терен во однос на социјалната заштита на жените, застапеноста на жените во процесите на одлучување и слично. За една од пречките за постигнување на поголема родова еднаквост е потенциран фактот дека во многу мал број општини се основани сектори за еднакви можности.

Што се однесува до темата поврзана со жените и процесот на донесување одлуки, се споменува потребата од сеопфатна анализа на состојбите на жените во Македонија, со посебен фокус на жените Албанки, изразени преку статистички податоци. ДУИ во својата програма се обврзува на постигнување на квотата од 40% за учество на жените во политичките партии и во државните органи, родово буџетирање на ниво на општини и на национално ниво, поддршка на Комисите за еднакви можности, сеопфатно вклучување на родовите концепти во законодавството, политиките, проектите, како и креирање мерки за нивна имплементација.

Родовата еднаквост ДУИ планира да ја постигне преку целосно имплементирање на меѓународните стандарди за родова еднаквост, промовирање вредности со кои ќе се надминат предрасудите за вклученост на жените во политиката и во процесите на одлучување; сет мерки против насилство врз жените, вклучување на жените и девојките во сите одлучувачки структури; поддршка за економско јакнење и осамостојување на жените: право на сопственост (наследство); остварување на права во областа на здравството, образованието и културата.

Во продолжение се образложени предлог-мерките за постигнување родова еднаквост во областите: економија; образование, наука и култура; социјала; здравство и правни мерки (остварување на правото на наследство).

**Потпишани декларации изготвени од страна на граѓанските организации**:

1. Декларација за потпишување на Истанбулската конвенција изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство.

## Економија

Во поглавјето Економски развој и еднакви можности се образложени мерките што ги предлага ДУИ. Мора да се потенцира дека во ова поглавје не е земен предвид родовиот аспект, ниту, пак, се користени родово разделени податоци. Токму во ова поглавје се образложени мерките и програмите, приоритетните инвестиции, отворањето слободни трговски зони и инвестициите во кадар. Главно, програмите се во согласност со предвидените мерки за вработување: проектот Македонија вработува #2, проект на Министерството за труд и социјална политика и на Агенцијата за вработување, Националната стратегија за туризам, Програмите

на Министерството за економија за поддршка за мали и средни претпријатија, поддршката од Фондот за иновации и технолошки развој и ИПАРД-програмата за поддршка на земјоделскиот развој. Кога станува збор за проектот Македонија вработува, треба да се има предвид дека овие мерки се достапни само за активните баратели на работа. Истражувањата на терен укажуваат дека голем број невработени лица, кои не се сметаат за активни баратели на работа или, пак, не се регистрирани во агенциите за вработување, немаат пристап кон овие програми. Вообичаено, тоа се жители на руралните подрачја, претежно од женски пол, како и лица што им припаѓаат на маргинализираните групи. Интересно е и што ИПАРД-програмата на Министерството за земјоделсто е посебно истакната како можност за поддршка на локалните економии во руралните подрачја, поточно конкретни мерки за развој на руралниот туризам и поддршка на нови бизниси во нејзини рамки, но не се споменува поддршката за жените-претприемачи, која постои во рамките на оваа програма.

Конкретните мерки што се родово сензитивни се набројани во третото поглавје, насловено како: „Општество: Човечки ресурси и општествена кохезија", каде што се третираат сите аспекти за постигнување родова еднаквост. Се предвидува имплементација на програми што имаат цел унапредување на економската независност на жените и на младите девојки, со посебен акцент на жените што спаѓаат во маргинализирани групи. Конкретните мерки предвидуваат: поддршка на програмите за самовработување и креирање поволни услови за работа; еднакви примања за жените и мажите, поддршка на жените за вклучување во надзорните бордови во приватниот сектор, како и нивно поставување на раководни функции; поддршка на жените за нивно вклучување во академските кругови и засилување на лидерските вештини; подигање на јавната свест и на капацитетите на жените за претприемништво и обезбедување финансиска и друга поддршка преку ИПА, Фондот за иновации и технолошки развој, Европската банка за реконструкција и други фондови. На крајот на 2016 година планирано е да се заврши процесот на креирање на Стратегијата за женско претприемништво (2017–2020). Со оваа стратегија е планирано: обуки за жените што планираат да основаат сопствени бизниси, унапредување на условите за кредитирање, наменети за основање бизниси раководени од жени, олеснети услови за вработување на жените, како и субвенционирање на нивните бизниси.

Недостига анализа на состојбите на терен и родово разделени податоци, кои би послужиле како аргумент за предлог-мерките, но и за поставување јасни цели кои би ја мереле нивната успешност, иако во програмата се споменуваат нови 50–100 вработувања по компанија што добила грант за поддршка. Треба да се спомене дека овие грантови не се наменети исклучиво за бизниси раководени од жени.

## Образование, наука и култура

Предлог-мерките во поглавјето посветено на образованието не се осврнуваат на родовиот аспект, туку многу повеќе се насочени кон осовременување на системот за образованието и поставување европски стандарди на сите нивоа, поддршка на учениците за завршување на сите степени на образование, поттикнување на студентите да избираат струки според барањата на домашните и на меѓународните пазари, поддршка на наставниот кадар за кариерно усовршување, обезбедување современи алатки за учење и слично. Поддршка за проектите во образованието се предлага да се бара од донаторите: УСАИД, Светска банка, Амбасадата на Швајцарија и Амбасадата на Норвешка.

За поздравување е што во мерките за образование се предлага отворање родови студии на државните и на приватните универзитети на албански јазик. Новоотворениот Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје преставува можност за младите девојки да се запишуваат на струки што се барани на пазарот на трудот, како на пример: Факултет за технички науки, Технолошки факултет, Факултет за информатика, Градежен и архитектонски факултет и Факултет за социологија. Тенденцијата да се поттикнуваат младите девојки кон современите трендови во науката е позитивен и нуди можност за отворање нови видици, далеку поразлични од традиционалните струки со кои се занимавале повозрасните генерации.

Предвидено е зголемено учество на жените во институциите за промоција на науката и културата. Поддршка на форумите на жените низ општините се смета за важен фактор за промоција на учеството на жените во политиката и во процесите на одлучување.

Поддршката на традиционалните занаети, посебно во руралните зони, нуди можност за зголемени вработувања на невработените жени, но и диверзификација на културната и на туристичка понуда. Поддршката за занаетите би можела да се добие преку програмите за поддршка на занаетчиството на Министерството за економија, програмата за поддршка на занаетите и креативните индустрии на Министерството за култура, како и преку мерките за самовработување, доколку станува збор за невработени жени. Посебен фокус е ставен на отворањето центри за култура во руралните области. Отворањето центри за култура во руралните општини ќе овозможи поголема социјализација на женската популација, како и простор за презентирање на локалните бизниси раководени од жени.

Иако не се споменува посебно женската популација, од голема корист е поддршката за школување на децата без родители за завршување на високо образование. Целна група се лица што до 18 години се регистрирани како деца без родители, кои ќе добијат до 9.000 денари месечно доколку живеат во социјални станови и

18.000 денари доколку живеат самостојно. Условите за добивање на стипендиите се: да се запишани во 1 и 2 циклус студии за првпат, а доколку станува збор за поддршка за докторат, најмногу 5 год. од запишувањето на факултетот.

## Здравство

Стратегијата за модернизација на здравствените услуги и капацитети предвидува: реновирање на постојните објекти, проширување на услугите, обезбедување пристап на здравствени услуги на населението во руралните зони, отворање аптеки, амбуланти, отворање нови приватни клиники, професионализирање на кадарот и нови вработувања. Предвидена е и набавка на нова современа апаратура, како и зголемен број медикаменти на позитивната листа, посебно на оние наменети за третман на ретките болести. Иако во овој дел од програмата не се спомнуваат жените директно, се претпоставува дека мерките позитивно ќе влијаат врз пристапот до здравствените услуги, посебно оние во руралните зони каде што нема здравствени установи.

Во мерките за родова еднаквост посебен фокус е ставен на обезбедувањето адекватна здравствена заштита на жените во руралните зони. Приоритет е ставен на програмите за едукација и превенција од канцерогени заболувања, особено заболувањата кај жените (гради, репродуктивни органи), репродуктивно здравје, сексуално образование (за жените од сите возрасти, со фокус на младите девојки/адолесцентите), бесплатни и редовни контроли за жените од руралните зони, воведување закон за задолжителен систематски преглед за болестите што ги погодуваат жените, психо-социјална поддршка и отворање центри за поддршка за жените.

## Остварување на правото на наследство

Исклученоста на жените и девојките од семејното наследство се смета за еден од клучните фактори што влијаат на отсуството на родова еднаквост. Програмата предвидува мониторинг на судските органи и нивното дејствување во насока на сузбивање ситуации во кои правото на наследство им е ускратено на жените и на младите девојки. Оваа мерка е мошне важна, бидејќи, доколку се имплементира, ќе им даде можност на жените да станат директни корисници на ИПА- и на ИПАРД-фондовите.

Ова посебно се однесува на жените во руралните зони, каде што отсуствува практиката обработливото земјиште да премине во сопственост на жените/младите

девојки. На тој начин тие се спречени да аплицираат за фондови за рурален развој наменети само за жените.

## Насилство врз жените

Насилството врз жените ДУИ го дефинира како една од најтешките форми на дискриминација, вклучувајќи го и насилството врз децата. Не се потенцира дека е родово базирано насилство, но, сепак, се употребуваат клучните термини „жена" и „насилство" во една реченица низ целиот текст. Предложени се мерки за борба против насилството врз жените и справување со последиците од насилството: унапредување и засилување на постојната законска рамка и обезбедување поддршка за жртвите на семејно насилство; зголемување на бројот на вработените во секторите одговорни за поддршка на жртвите на насилство: здравствените институции, полицијата, социјалните служби, судството; подигање на јавната свест за различните видови насилство; отворање посебни канцеларии за институционална поддршка на жртвите, СОС-линии достапни 24/7 на ниво на општини; обезбедување психолошка поддршка, рехабилитација и програми за интеграција на жените и децата жртви на насилство; иницијатива за отворање прифатни центри за жртвите на насилство.

## Социјална заштита

Предлог-мерките за родова еднаквост вклучуваат, пред сè обезбедување детални статистички податоци, кои ќе ја илустрираат реалната состојба на терен во однос на бројот на нерегистрирани лица кои не примаат никаква помош, како и пристапот и искористувањето на мерките за социјална заштита од страна на жените. Обезбедувањето на овие информации, посебно за жените од руралните зони, е мошне важно за изнаоѓање механизми за олеснет пристап до информации за обезбедување социјална заштита, како и за достапност на социјалната помош. Предвидено е информирање на маргинализираните жени (и оние во ризик) за нивните права и отворање канцеларии за пријавување на каков било вид дискриминација (не се споменува за кои групи во ризик станува збор) и отворање центри за советување низ руралните области.

Во општите мерки за социјалната поддршка информациите не се родово разделени, но, сепак, приоритет е ставен на маргинализираните семејства: самохрани родители (од двата пола), лица корисници на социјална помош и лица со попреченост.

Во согласност со владината програма, ДУИ како мерка за намалување на сиромаштијата ја предлага програмата за самовработување, со посебен осврт на лицата со попреченост. Се претпоставува дека овие мерки позитивно ќе влијаат и врз женската популација, иако таа не е посебно спомената.

Предвидено е поголемо искористување на програмата „Градинка за секое дете“, со што ќе се овозможи поголемо вклучување на жените на пазарот на трудот. Во рамките на програмата за образование, приоритет е ставен на изградба на градинки во сите рурални зони, со што ќе се овозможи поголема вклученост на женската популација на пазарот на трудот, како и во социјалниот живот во средините во кои живеат.

# СДСМ
# ПЛАН ЗА ЖИВОТ
# ВО МАКЕДОНИЈА

**Програма – 265 страници**

**Во програмата нема вредносна изјава за родовата еднаквост, иако на едно место се споменуваат бремените жени работнички. Во програмите не се користи родово** сензитивен јазик.

**Споменати зборови**

**Жени** – 30 пати

**Родова еднаквост (рамноправност) – 1**

**Родова/родово – 20 пати**

**Семејно насилство – 3 пати**

**Родово базирано насилство – 7**

**Домашно насилство – 5**

**Сексуално вознемирување – 3**

**Сексуално насилство** – 1

**Родово поделена статистика – нема**

**Потпишани декларации што се изготвени од страна на граѓанските организации**:

1. Декларација за потпишување на Истанбулската конвенција, изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство;
2. Декларација за измена на Законот за прекинување на бременоста и обезбедување заштита на здравјето и на репродуктивните права на жената, изготвена од страна на Платформата за родова еднаквост.

Во програмата на СДСМ се вклучени различни мерки, кои на системски начин ќе ја унапредат родовата еднаквост. Од програмата може да се заклучи дека се земени предвид различни аспекти на правата на жените, односно различните бариери со кои се соочуваат жените и, притоа, изготвени се адекватни мерки, кои имаат цел да ја подобрат економската, социјалната, политичката и општествената положба на жените. Иако за дел од мерките потребно е дополнително доработување, сепак, важните фактори, какви што се: вработувањето, детските градинки, вклучувањето на родовата перспектива во политиките, како и во образованието се предвидуваат со низа мерки, кои доколку се имплементираат ќе придонесат кон значајно унапредување на родовата еднаквост во следните четири години.

Сепак, програмата не посветува посебно внимание на потребата од родово поделени статистички податоци, кои се продуцираат од Државниот завод за статистика и од другите државни институции. Програмата воопшто не ги споменува или не ги зема предвид стратегиските документи за унапредување на родовата еднакво, какви што се: Стратегија за родова еднаквост (2013–2020) и Националниот акциски план за спроведување на стратегијата.

Унапредување на родовата еднаквост е и вклучување на родовиот аспект, предвиден во мерките за економија, родова рамноправност, образование и здравство, општествен живот и регионални инцијативи.

Итни реформски приоритети на новата влада во првите 6 месеци – родов аспект

- Укинување на одредбите од Законот за прекин на бременоста.
- Изготвување мапа на критични општини, каде што нема постојни капацитети за сместување и заштита на деца.
- Изготвување план за проширување на мрежата на градинки низ Македонија, со крајна цел: на крајот на четиригодишниот мандат да се зголеми опфатот на деца во градинките за 50%.
- Воведување мерки за гарантирано враќањето на истото работно место по породилното отсуство и негово задржување во наредната година.
- Ратификување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Советот на Европа од 2011 година (Истанбулска конвенција).
- Донесување нов Закон за родово базирано насилство и измени во Кривичниот закон, како и воведување одредби за сите форми на родово базирано насилство

- Воспоставување мрежа на стандардизирани институции, која го гарантира минималниот пакет услуги за заштита од домашно насилство (во согласност со Истанбулската конвенција).
- Вклучување на здруженијата на граѓани во нудење услуги за превенција и заштита од родово базирано насилство. Здруженијата ќе бидат поддржани преку насочени грантови шеми за обезбедување соодветна, квалитетна и специјализирана поддршка (психо-социјална поддршка за жртвите на силување, кризни центри за жртвите на силување, засолништа и др.).
- Република Македонија ќе иницира и свои проекти на регионален план. Во првите 180 дена ќе се предложи создавање на институција – Регионален родов омбудсман, кој ќе се грижи за реализација на политиките за еднакви можности на жените и мажите во Западен Балкан.

Итни реформски приоритети на новата влада во првите 24 месеци – родов аспект

- Зголемување на работното време и бројот на вработени во јавните детски градинки низ целата држава, со цел да се пресретнат потребите на родители што остануваат на работа и по 18 часот или работат во смени.
- Воведување финансиска поддршка на почетните инвестиции на социјални претпријатија основани од млади жени до 30 години.
- Воведување државна социјална пензија за секое лице над 65 години старост, кое во последните 20 години живеело на територијата на Република Македонија и не ги остварува условите за старосна пензија. Таквите лица ќе имаат право на државна пензија. Државната социјална пензија, на почетокот, ќе биде во висина од 40% од просечната старосна пензија.
- Вклучување на родовата перспектива во колективното договарање на сите нивоа, заради дополнително унапредување и заштита на жените работнички.
- Воведување флексибилно работно време за таткото во првите три месеци по раѓањето на децата.
- Ќе постои можност за заедничко користење на родителско отсуство на двајцата родители за првите 1–3 месеци (по истекот на три месеци мајката или таткото продолжува до крајот на породилното отсуство). Во случај на раѓање на близнаци/тројки, родителското (заедничко) отсуство да трае 3–6 месеци (по истекот на три месеци мајката или таткото продолжува до крајот на породилното отсуство). За второ-/третородено дете (не во исто време), родителското (заедничко) отсуство ќе трае 3–6 месеци (по истекот на 3–6 месеци мајката или таткото продолжува до крајот на породилното отсуство).

- Ќе се воведе политика на родово сензитивен јазик и надминување на стереотипите во образованието.
- Ќе се стимулираат медиумите што се грижат за претставување на реалната слика за вештините и потенцијалот на жените и на мажите во модерното општество, со цел да се избегне тие да се опишуваат на деградирачки и навредлив начин.
- Ќе се спроведе модернизација на здравствените и службите за нега на стари, изнемоштени и болни лица во поглед на подобрување на нивната пристапност, квалитетен одговор на новите и конкретни потреби на жените и мажите.
- Ќе се унапреди работното законодавство со дополнителна заштита на бремените жени работнички.
- Ќе се воспостави Секретаријат за родова рамноправност при Владата на Република Македонија, кој ќе се грижи за имплементација на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите на национално и на локално ниво.
- Ќе се обезбеди скратеното работно време за родителите на деца со попреченост да продолжи и по 26 години, односно да нема временско ограничување.
- Ќе се обезбеди пристап до посебни програми за заштита и унапредување на репродуктивното здравје на жените со попреченост.
- Ќе се отвораат центри за ран детски развој, кои ќе ги опфаќаат децата на рана возраст, веднаш по раѓањето, чија основна функција ќе биде развојот на способностите на децата со одреден вид попреченост (церебрална парализа, аутизам и др.). Во центрите ќе бидат вработени стручни лица од сите профили, со што родителите ќе бидат поштедени од одење од еден до друг центар и губење драгоцено време.
- Ќе се формира мрежа на стандардизирани институции, која го гарантира минималниот пакет услуги за заштита од домашно насилство (според стандардите на Истанбулската конвенција), и ќе биде поставена и во другите шест региони.

## Родова еднаквост

Важно е да се истакне дека во програмата на СДСМ родовата еднаквост е издвоена како посебна област, која предвидува системски мерки за унапредување на родовата еднаквост врз основа на **економскиот, социјалниот, политичкиот и општествениот статус на жените. Мерките предвидени во делот за родова еднаквост се**:

- Зголемени квоти за учество на жените во политиката, со цел да се достигне соодноc 50:50 на вработени мажи и жени во 2020 година;
- Имплементирање на родова перспектива во креирање на политиките на национално и локално ниво.
- Формирање Секретаријат за родова рамноправност при Владата на Република Македонија, кој ќе се грижи за имплементација на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите на национално и на локално ниво;
- Воведување родово сензитивен јазик и надминување на стереотипите во образованието. Во рамките на евалуацијата на учебниците во основното и во средното образование, ќе го вклучиме и аспектот на родова рамноправност и родово сензитивен јазик.

Постигнување паритет во политиката е важен чекор кон унапредување на родовата еднаквост, но мерката треба да се надополни со постигнување паритет на сите нивоа на донесување одлуки, вклучувајќи ги и градоначалничките, министерските и советничките места, парламентарните и локалните комисии, како и менаџерските позиции. Во Република Македонија и понатаму постои родов јаз и ниска вклученост на жените таму каде што не постојат квоти и затоа е важно да се предвидат мерки за изедначување на вклученоста на жените и мажите во донесувањето одлуки на сите нивоа.

Вклучувањето на родова перспектива во креирањето на политиките на национално и на локално ниво позитивно ќе влијае врз положбата на жените, бидејќи при изготвувањето на сите политики ќе бидат земени предвид различните положби, искуства и влијанија од воведувањето на политиките врз жените и мажите. Се претпоставува дека на овој начин ќе се намалат штетните политики кои влијаат врз положбата на жените. З**а успешна имплементација на оваа мерка програмата предвидува** формирање Секретаријат за родова рамноправност при Владата на Република Македонија, кој ќе се грижи за имплементација на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите на национално и на локално ниво.

**Последната мерка во овој дел од програмата предвидува** воведување родово сензитивен јазик и надминување на стереотипите во образованието. Дополнително, во рамките на евалуацијата на учебниците во основното и во средното образование, се предвидува вклучување на аспектот на родова рамноправност и родово сензитивен јазик. Оваа мерка е од посебна важност, бидејќи се очекува да придонесе кон сузбивање на родовите стереотипи од најрана возраст. Сепак, за мерката да биде успешна, потребно е да се надополни со конкретни мерки (освен горенаведените), со што ќе се надминат родовите стереотипите (пилот-содржини за родова еднаквост и засилување на капацитетите на наставниот кадар).

## Економија

Делот на програмата – Жените еднакво вклучени на пазарот на трудот – предвидува 12 мерки што имаат цел да го поттикнат еднаквото вклучување на жените на пазарот на трудот. Анализата на оваа област покажува дека се предвидуваат мерки што суштински ќе ја унапредат родовата еднаквост и ќе влијаат кон унапредувањето на економските права на жените.

Овој дел на програмата вклучува и социјални мерки, каква што е зголемувањето на бројот на детски градинки таму каде што ги нема, особено во помалите и во руралните средини. Со оглед на тоа што 38,28%[18] од општините немаат детски градинки и земајќи ги предвид податоците дека жените во најголема мера се грижат за децата, отворањето детски градинки во руралните средини позитивно ќе влијае на тоа жените полесно да се вклучат на пазарот на трудот.

Продолжувањето на работното време на градинките за децата чии родители работат по 18 часот ќе им овозможи на жените што немаат работно време од 9 до 17 часот полесно да се вклучат на пазарот на трудот, но и поголема флексибилност и заштита од дискриминација. Оваа олеснителна околност може да ги поттикне жените да основаат сопствен бизнис и да работат со флексибилно работно време.

Програмата на СДСМ предвидува и зголемување на татковското отсуство и флексибилно работно време за татковците во првите три месеци и заедничко користење на родителското отсуство на двајцата родители за првите 1–3 месеци. Ваквите мерки ќе ја поттикнат распределбата на обврските меѓу двајцата родители, преку што и се намалуваат општествено наметнатите родови стереотипи за тоа дека жената (мајката) е онаа што треба да се грижи за децата во најголема мера.

Во делот за економија предвидено е и унапредување на трудовото законодавство во насока во која цел се бремените жени работнички, но во самата програма не е наведено на кој начин ќе биде исполнета оваа мерка. Вклучувањето на родовата перспектива во колективното договарање е мерка што значително ќе ги подобри работничките права на жените, особено во ниско платените индустрии, каква што е текстилната.

Програмата на СДСМ предвидува зголемување на минималната плата и вклучување на текстилната и кожарската индустрија, каде што над 80% од вработените се жени[19]. Во програмата не е наведена родовата компонента, но земајќи го пред-

18 Државен завод за статистика (2015). Установи за згрижување и воспитување на децата, детски градинки – центри за ран детски развој. Во 2015 година од вкупно 81 општина, детски градинки имало само во 31 општина.

19 Државен завод за статистика (2014). Вработени и нето-плати: http://goo.gl/liymsr

вид високиот број жени во текстилната индустрија, мерката позитивно ќе влијае врз економскиот статус на жените. Дополнително, мерката може да придонесе кон намалување на родовиот јаз во платите со тоа што минималната плата во овој сектор ќе биде еднаква со минималната плата во другите сектори во државата.

Во програмата е наведено дека „бремените жени нема да стравуваат за работното место, ќе обезбедиме да се вратат на своето место по породилното отсуство", што сугерира дека ќе се воведе начин за справување со дискриминацијата со која се соочуваат жените на пазарот на трудот. Иако не се наведени конкретни мерки, сепак, самата изјава покажува дека се препознава родовата дискриминација на пазарот на трудот. Со оглед на тоа што постојната законска регулатива гарантира враќање на работното место по породилното отсуство, оваа мерка треба да се прецизира и јасно да се наведе кои ќе бидат конкретните чекори за нејзино исполнување.

Предвидено е и обезбедување социјална пензија за лица над 65 години кои немаат остварено услови за пензија, а кои живеат повеќе од 20 години во Македонија. Оваа мерка позитивно ќе влијае врз жените кои поради грижата за деца, стари лица и за семејството не се вклучиле на пазарот на трудот. Со оглед на тоа што во 2015 година над 55%[20] од жените биле неактивни на пазарот на трудот, оваа мерка директно ќе влијае врз економската позиција на жените. Во мерката не се споменува родовата компонента и не е нагласено како ќе влијае мерката врз статусот на жените.

Програмата предвидува поддршка за развојните иницијативи на жените од руралните средини, но мерката е општа и не предвидува конкретни активности што ќе ги поддржат жените од руралните подрачја да ги унапредат своите економски, социјални и културни интереси. Во програмата се предвидува доделување финансиска поддршка на почетните инвестиции на социјални претпријатија основани од млади жени до 30 години. Ваквата мерка ќе им овозможи на младите жени да основаат свое социјално претпријатие и на овој начин да ја засилат својата економска позиција.

Предвидени се и законски измени на договорите за вработување на определено време, со кои се предвидува договорот за вработување на определено време по 6 месеци да се трансформира во вработување на неопределено време. Сепак, потребно е мерката да предвиди адекватни механизми за заштита од дискриминација врз жените.

20 Според државниот завод за статистика 55% од жените се неактивни на пазарот на трудот, а од вкупното неактивно население дури 64% се жени: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf

## Социјална политика

Програмата предвидува изготвување мапа на критични општини каде што нема постојни капацитети за сместување и заштита на деца. Преку мапата ќе се увиди во кои општини недостасуваат капацитети за сместување и во нив може да се прошири и мрежата на градинки, како што е предвидено и во мерките на оваа програма. Зголемувањето на покриеноста на децата во градинките преку реконструирање и градење нови градинки е една од мерките во делот на социјалната политика на програмата на СДСМ. Имено, предвидено е зголемување на децата во градинките на 50%, со што би се зголемил опфатот на деца во детски градинки од 16,44% до 24%. Иако мерката ја унапредува родовата еднаквост, сепак, главната цел на мерката е да се зголеми бројот на деца што посетуваат детски градинки, а не да се зголеми можноста жените да се вклучат на пазарот на трудот.

Се предвидува и **отворање центри за ран детски развој**, кои ќе ги опфаќаат децата на рана возраст, веднаш по раѓањето. Дополнително, се предвидува скратеното работно време за родителите на децата со попреченост да продолжи и по 26 години.  Овие две мерки позитивно би влијаеле врз жените што ги напуштаат своите работни места поради грижа на деца или лица со попреченост. Мерката за обезбедување право на посебен додаток до 26 година по автоматизам да премине во право на помош и нега од друго лице, исто така ќе им даде финансиска поддршка на жените што поради грижата за своите деца со попреченост или не барале работа или ги напуштиле своите работни места.  Ниту во една од трите мерки не е потенциран родовиот аспект и на кој начин овие мерки ќе придонесат кон унапредување на родовата еднаквост.

## Родово базирано насилство

Второто поглавје на програмата – Праведен даночен и социјален систем, вклучува поглавје: „Нема толеранција за насилството“, во кое се предвидуваат 10 мерки наметени за справување со родово базираното насилство (РБН).

Една од најважните мерки за заштита на жените жртви на РБН предвидени со програмата е ратификувањето на Истанбулската конвенција и воспоставување  стандардизирани институции, со што се гарантира минималниот пакет услуги за заштита на жртвите на РБН, а тоа е и еден од приоритетите на програмата. Исто така, програмата предвидува промена на законот во однос на препознавањето на РБН (не само на семејното насилство), сексуално насилство и сексуално вознемирување.

Понатаму, програмата предвидува воспоставување кризни центри за спроведување стручен третман за жртвите на силување или центри за упатување и поддршка при сексуално насилство врз жртвите, чија одржливост се гарантира со однапред дефинирано финансирање. Ова е клучна мерка која на жртвите на сексуално насилство ќе им овозможи пристап до услуги за рехабилитација (третман).

Со оглед на тоа што Истанбулската конвенција не е ратификувана од страна на Република Македонија, и во овој момент недостасува минимален пакет услуги за заштита на жртвите на РБН, мерките предвидени во програмата на СДСМ позитивно ќе влијаат врз положбата на жените што се жртви на РБН. Дополнително, од програмата може да се заклучи дека се земени предвид различните форми на РБН и, според нив, креирани се адекватни мерки за заштита на жртвите на РБН.

Предвидените мерки ја покажуваат посветеноста на СДСМ кон унапредување на позицијата на една од најранливите категории жени.

## Сексуално и репродуктивно здравје

Програмата предвидува воведување мерки за унапредување на наставните програми со информации од областа на сексуалното и на репродуктивното здравје и права, кои се соодветни на возраста, засновани на научни факти и кои ги промовираат човековите права и родовата еднаквост.

Мерката треба конкретно да укаже на тоа дали таа се однесува на воведување на сеопфатно сексуално образование во училиштата, преку која децата од рана возраст ќе бидат информирани за нивните сексуални и репродуктивни права, со што ќе се намалат сексуално преносливите инфекции, адолесцентните бременост и нелегалниот абортус.

Програмата предвидува и пристап до посебни програми за заштита и унапредување на репродуктивното здравје на жените со попреченост.

## Здравство

Во вредносната изјава во делот на програмата кој предвидува мерки во здравството, се напоменува дека сегашниот македонски здравствен систем се карактеризира (меѓу другото) со зголемена смртност кај родилките и кај новороденчињата, што значи дека високата смртност на жените и на доенчиња во државата е земена предвид при изготвувањето на програмата.

Програмата индицира дека во превентивната здравствена заштита СДСМ ќе се

залага за чување и унапредување на здравјето, за подобрување на здравствената состојбата на населението, а особено на ранливите групи, меѓу кои и трудниците. Во примарната здравствена заштита СДСМ ќе се залага за обезбедување соодветна здравствена заштита на жените, со што секоја жена во Република Македонија ќе има свој матичен гинеколог. Со овие две залагања СДСМ покажува дека мерките се базирани на потребите на жените, особено земајќи предвид дека 43% од општините во Македонија немаат матичен гинеколог[21], преку што ќе се унапреди пристапот на жените до примарната здравствена заштита и ќе се намали смртноста на доенчињата и на мајките во земјава.

**Една од мерките во делот за здравство е и** укинувањето на одредбите на Законот за прекин на бременоста, кои го ограничуваат правото на избор на жените, но и пристапот до безбеден и легален абортус. Со промените во овој закон жените не само што ќе имаат право на избор туку ќе имаат и пристап до безбеден и легален абортус, со што се намалуваат штетните последици од нелегалните абортуси.

## Општествен статус

Во врска со општествениот статус на жените, предвидена е мерка што ќе ги стимулира медиумите кои се грижат за претставување на реалната слика за вештините и потенцијалот на жените и на мажите во модерното општество, со цел да се избегне тие да се опишуваат на деградирачки и навредлив начин. Иако оваа мерка е во делот за вработувањето, сепак, мерката има цел да се справи со родовите стереотипи и предрасуди и начинот на кој се прикажуваат жените и мажите во медиумите. Оваа мерка ќе ги поттикне медиумите објективно да известуваат во однос на жените и на мажите, односно да не користат стереотипи кога известуваат во однос на различни теми поврзани за жените и мажите.

## Образование

Во областа образовование остануваат мерките од областа на родовата еднаквост на и здравството.

- Воведување родово сензитивен јазик и надминување на стереотипите во образованието. Во рамките на евалуацијата на учебниците во основното и во

21 Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (2015). Извештај од мониторинг и анализа на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка. Министерството за здравство и Владата на РМ потфрлија во остварувањето на основните цели на Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка. Достапно на: http://bit.ly/2cZrDaH

средното образование, ќе го вклучиме и аспектот на родова рамноправност и родово сензитивен јазик.

- Воведување мерки за унапредување на наставните програми со информации од областа на сексуалното и репродуктивното здравје и права, кои се соодветни на возраста и на научни факти, и кои ги промовираат човековите права и родовата еднаквост.

## Европска иднина и квалитетен живот

**Оваа област е наменета за** изградба на клучните сфери во општеството по европски терк и давање нова енергија во евроатланските интеграции.

Во делот на регионалните иницијативи, според програмата на СДСМ ќе се предложи воспоставување регионален родов омбудсман, кој ќе се грижи за реализација на политиките за еднакви можности на жените и мажите на Западен Балкан и создавање Регионална политичка академија за градење капацитети на политичките партии, финансирана преку ИПА 2, при што Македонија ќе биде предложена за нејзин домаќин.

Оваа мерка ја покажува заложбата на СДСМ за унапредување на родовата еднаквост и на регионално ниво преку соработка со земјите во регионот.

Исказот на СДСМ за абортусот на изборниот компас[22] е следниов: „Во тој контекст зборувам и за поголемата посветеност на грижата и правата на жените во однос на нивното право да одлучуваат за бројот на семејството, односно бројот на родени деца. Ја нотирав потребата да не останеме неми набљудувачи секогаш кога одредени владини политики одат во насока на ограничување на правата на жените, пред се мислам на законот за абортус којшто наиде на голема општествена и стручна критика."

22 Изборен компас е електронска апликација што им овозможува на граѓаните да ги споредат сопствените ставови со ставовите на партиите што дејствуваат на политичката сцена. Достапно на: https://www.izborenkompas.mk/mk/#/

# ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА
## ЗА СРЕДЕНА ДРЖАВА, ЛИБЕРАЛНА ДОКТРИНА ЗА КОНСОЛИДИРАНА МАКЕДОНИЈА

Програма – 74 страници

Родова еднаквост: 1

Родово: 1

Жената: 1

Програмата на ЛП дефинира три стратегиски теми: економијата на прво место, образованието и младите и организирана држава. Во рамките на овие три стратегиски/приоритетни теми, опфатени се 17 поттеми, односно области во кои се претставени проблемите, и предлог-насоки за унапредување на состојбата.

Иако програмата дава големо значење и внимание на целосното уживање на правата на сите граѓани, родовата еднаквост како концепт не е адресирана во програмата и жените не се издвоени како посебна целна група. Сепак, во воведот на програмата, при обраќањето до читателите и читателките, се користи родово сензитивен јазик (почитуван/а, согласен/согласна), а во продолжение најголемиот дел од програмата е родово неутрален.

Во самата програма еднаквиот пристап до можностите за граѓаните е еден од принципите што ги промовира Либералната доктрина. Притоа, не се наведени/специфицирани различните категории лица кои немаат еднакви можности во општеството.

Потребата од родово поделени статистички податоци воопшто не е спомената во програмата.

Институционалните механизми и политики за унапредување на родовата еднаквост, исто така не се споменуваат во програмата.

**Потпишани декларации што се изготвени од страна на граѓанските организации**:

1. Декларација за потпишување на Истанбулската конвенција, изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство;
2. Декларација за измена на Законот за прекинување на бременоста и обезбедување заштита на здравјето и на репродуктивните права на жената, изготвена од страна на Платформата за родова еднаквост.

Во колку области директно се споменуваат жените? 2. Слободен македонски граѓанин во Европа и светот – ја препознава родовата припадност. 3. Македонија: отворено и интегрирано општество – ја идентификува родовата поделеност, покрај етничката, социјалната, политичката и религиската, како еден од проблемите за интегрирање на различните заедници во општеството. 8. Политички систем и функционални институции – предлага отворени изборни листи со пропорционален модел во кој би имало гарантирани места за родова еднаквост. 17. Образование и млади – **елиминирање на наставните содржини што го воспитуваат ученикот ретроградно, конзервативно, сексистички, нетолерантно и политички манипулативно**.

## Социјална политика

Социјалната политика, односно предлог-политиките и мерките што се однесуваат на социјалната политика, во програмата на ЛП се вклопени во делот што се однесува на економската политика. Социјалната помош е претставена како помош на оние што не се во можност да се вклучат на пазарот на трудот и е фокусирана на работоспособното население. Вака претставена, социјалната политика би имала големо влијание врз економската положба на жените, имајќи ја предвид високата стапка на невработеност и неактивност на пазарот на трудот. Со програмата се предвидува зголемување на социјалната помош, без конкретно да се наведат зголемувањето и условите „поради недостиг на релевантна статистика“. ЛП предлага степенувана социјална помош, при што сто процентно би им била исплаќана на лицата што од најразлични причини не можат подолготрајно да се вратат на пазарот на трудот, вклучително и поради нега на болно лице во семејството или негова постојана придружба. Ваквата мерка, во одреден степен, позитивно би влијаела на жените, бидејќи во 2015 година 100% од лицата што ги напуштиле работните места поради грижа за деца или за возрасни неспособни лица се жени[23].

23 Државен завод за статистика (2015). Анкета за работна сила. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf

## Сексуални и репродуктивни права, општествена положба и статус

Во програмата на ЛП, во делот 3 – Македонија: отворено и интегрирано општество, се идентификува товарот врз жените преточен во демографски политики, кои ги поставуваат жените во традиционалните родови улоги и ги засилуваат родовите стереотипи. Програмата во овој дел потенцира дека жените не се „објекти за расплод“ и се еднакви фактори во општеството, а се фокусира на сексуалните и на репродуктивните права на жените, правото на избор да одлучуваат за своето тело, еднаквоста во планирањето на семејството, како и на наметнатата традиционална улога во семејството, која го ограничува нивното право на избор. Сепак, иако ја отсликува реалноста, кога станува збор за демографските политики и злоупотребата на жените, недостига осврт на другите сегменти од општественото живеење во кои жените не можат да ги остварат своите права.

## Политичка застапеност

Една од мерките во делот 8 – политички систем со функционални институции, предвидува **промена на изборниот модел во пропорционален модел со една изборна единица и отворени кандидатски листи** со гарантирани места за помалите етнички заедници и за обезбедување родова еднаквост, што овозможува реална политичка и етничка застапеност на пратениците во Собранието, но и избор на претставниците од предложената листа од самите граѓани, наместо од партиските раководства. Иако во мерката е наведено дека ќе има загарантирани места заради обезбедување родова еднаквост, потребно е дополнително да се прецизира колку места ќе бидат наменети за помалку застапениот пол. Дополнително, ваквата мерка ќе има влијание само во парламентот, додека ниската застапеност на жените на раководни позиции во извршната и во локалната власт воопшто не е адресирана.

## Образование

Во делот на образованието предвидена е мерка за елиминирање на конзервативните, сексистичките и нетолерантните наставни содржини. На овој начин би се придонело кон осовременување на наставните содржини и промовирање на родовата еднаквост во образованието.

Дополнително, во програмата се предвидува адаптирање на високото образовните програми според потребите на бизнис-заедницата. Ваквиот пристап може да

доведе до понатамошно сегрегација на пазарот на трудот поради потребата на бизнис-заедницата од кадар квалификуван во традиционално „машките“ образовни области.

Во однос на ставот на Либералната партија за абортусот, вклучен во исказот на изборниот компас[24], „жената од која било етничка, верска, социјална и образовна припадност не е ниту расплоден објект, ниту помалку вредна од мажот. Таа еднакво е столб на семејството како и мажот и рамноправно одлучува за неговото планирање, располага со своето тело и одлучува за своето здравје, стапување во сексуални односи и раѓање“.

24 Изборен компас електронска апликација која им овозможува на граѓаните да ги споредат сопствените ставови со ставовите на партиите кои делуваат на политичката сцена – Достапна на https://www.izborenkompas.mk/mk/#/

# ЛЕВИЦА

Родовата еднаквост како концепт е само делумно присутна во програмата на Левица и најдоминантно е застапена во делот работнички права и социјална правда. Дополнително, мерки за унапредување на родовата еднаквост се предвидени и во делот за граѓански и политички човекови права, како и во делот за земјоделство и рурален развој.

Програмата не ја адресира родовата еднаквост на системски начин и воопшто не ги зема предвид институционалните механизми и стратегиските документи за родова еднаквост. Родово сензитивен јазик се користи само во однос на жените работнички.

Клучни зборови:

Жени: 3

Работнички: 3

Родова еднаквост: 1

Бременост и мајчинство: 1

Мајки : 2

Породилно отсуство: 1

Домаќинки: 1

**Потпишани декларации што се изготвени од страна на граѓанските организации**:

1. Декларација за потпишување на Истанбулската конвенција, изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство;
2. Декларација за измена на Законот за прекинување на бременоста и обезбедување заштита на здравјето и на репродуктивните права на жената, изготвена од страна на Платформата за родова еднаквост.

## Економско засилување

Во делот на работничките права и социјалната правда програмата предвидува зголемување на минималната плата на 15.000 денари и унифицирање во сите дејности. Ваква мерка ќе влијае позитивно на жените работнички, особено во текстилната, кожарската и преработувачката индустрија, каде што континуирано се одлага примената на Законот за минималната плата, а 80% од вработените се жени.

Во истиот дел, предвиден е и засилен ангажман на Инспекторатот за труд, кој, меѓу другото, треба да обезбеди целосно почитување на правата што произлегуваат од бременоста и мајчинството. Обезбедувањето на овие права би дало значаен придонес во унапредувањето на положбата на мајките што се во работен однос, а често се дискриминирани поради нивниот семеен статус.

Во овој дел од програмата една посебна точка е посветена на родово сензитивните мерки насочени кон зголемувањето на правата на жените работнички. Тие се однесуваат на породилното отсуство, задржувањето на работните места, мерки за балансирање на приватниот и на професионалниот живот, еднаквост на платите, како и поддршка за производството и продажбата на домашни производи.

Првата мерка во овој дел предвидува продолжување на породилното отсуство од 9 на 12 месеци, а рокот за враќање на работа пред истекот на отсуството да се зголеми од сегашните 45 дена на 6 месеци. Зголемувањето на траењето на породилното отсуство за 3 месеци може дополнително да ги одвои жените од пазарот на трудот, па оттука потребно е стимулирање на родителското, односно на татковото отсуство, кое би придонело кон поделба на обврските за грижа за децата и побрза реинтеграција на жените на пазарот на трудот. Зголемувањето на периодот за враќање на работа, иако оневозможува притисок од работодавачите за порано враќање, истовремено ги ограничува жените што се во можност порано да се вратат на работа.

Задолжителното враќање на работничката на истото работно место по завршувањето на породилното отсуство е уште една предлог-мерка во програмата, но таа е веќе постојна законска обврска на работодавачите. Мерката за флексибилно работно време за мајките во период од две години по породилното отсуство без скратување на плата, односно преку субвенционирање на трошоците од страна на државата е позитивна мерка. Сепак, повторно се истакнува долгиот временски период за отсуство и потенцирање на улогата на мајката во грижата за детето и, во исто време, исклучување на вториот родител од можноста за користење на овие мерки.

Исто така, програмата предвидува стимулирање на родовата еднаквост во поглед на платите преку условување на јавните набавки. Ваквите мерки претставуваат позитивен пример од меѓународната практика, кои се употребуваат за намалување на родовиот јаз во платите.

Мерката за поддршка и поттикнување на домаќинките преку производство и продажба на традиционални домашни производи на локалните пазари е уште една мерак насочена кон економско зајакнување на жените. Таа може да донесе позитивни резултати, меѓутоа нема трансформативен потенцијал.

Слично, во делот за земјоделството и руралниот развој, со програмата се предвидени бесплатни обуки и курсеви за жените од руралните општини и финансиска помош за развој на земјоделското мало стопанство. Жените од руралните подрачја се соочуваат со предизвици при пристапот на пазарот на трудот, кои покрај ниското образование и ограничените можности за вработување, вклучуваат предизвиците во однос на превозот, недостигот на установи за грижа за деца, ограничен пристап до информации за можности за вработување и пристап до кредити, заеми за земјоделски активности итн. Според тоа, ваквата мерка би придонела кон надминување на дел од предизвиците, но за да се осигура нејзина поголема делотворност треба да биде проследена со мерки што ќе осигураат пристап до социјалната инфраструктура.

## Политичко зајакнување на жените

Во својата програма Левица истакнува заложба за зголемување на застапеноста на жените на раководни позиции во јавниот сектор, како и подигање на јавната свест за поголема застапеност на жените на раководни позиции во приватниот сектор. Заложбите и подигнувањето на свеста можат позитивно да влијаат врз зголемувањето на застапеноста на жените на раководни позиции.

## Здравје – сексуални и репродуктивни права

Во делот на здравјето на жените, односно сексуалните и репродуктивните права, предвидена е измена на Законот за прекинување на бременоста и тоа во одредбите што го ограничуваат пристапот до абортус на жените во здравствените институции и го загрозуваат правото на здравствена заштита и на репродуктивните права.

Во однос на социјалната политика, во делот образование, наука, култура, уметност и спорт, програмата предвидува отворање поголем број градинки, воведување две

работни смени и вработување дополнителен и квалификуван кадар. Вака предвидената мерка, иако во програмата не е препознаена како важна за унапредување на положбата на жените, несомнено придонесува кон подобрување на социјалната инфраструктура неопходна за намалување на товарот за грижа на децата, кој доминантно паѓа на жените. Особено значајно е воведувањето на смени, со што би им се помогнало на вработените родители, односно на мајките што работат во смени. Сепак, дополнително е потребно да се обрне внимание на цените во градинките, бидејќи неретко претставуваат една од клучните причини поради кои работоспособните жени одлучуваат да се грижат за децата наместо да работат.

Дополнително, предвидено е зголемување на посебниот додаток/нега на друго лице, која се однесува на лицата со посебни потреби, како и зголемување на износот на надоместокот на плата за користење скратено работно време за родителите на лицата со посебни потреби. Ваквите мерки ќе имаат значајно влијание врз жените, бидејќи тие се примарните даватели на грижа на лицата со посебни потреби и потребна им е дополнителна, особено финансиска поддршка.

Во однос на абортусот, исказите на Левица на изборниот[25] компас се следниве:

> „Левица застанува против патријархалниот морал и родовата нееднаквост, кои служат како механизми за репресија врз еден огромен дел од популацијата.“
>
> „Ги поддржуваме сите прогресивни сили и иницираме разобличување на клерикалистичкиот, конзервативниот и патријархалниот морал.“
>
> „Лицата се здружени во ЛЕВИЦА заради остварување на поширок заеднички интерес, а како посебни политичко-партиски цели и задачи се: (...) – да го разобличува патријархалниот морал и да учествува во борбата против сите облици на дискриминација по која било основа.“

25 Изборниот компас претставува електронска апликација, која им овозможува на граѓаните да ги споредат сопствените ставови со ставовите на партиите што дејствуваат на политичката сцена. Достапно на: https://www.izborenkompas.mk/mk/#/

# ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ

Програмата на ДС вклучува 16 поглавја, елаборирани на 44 страници. Во програмата е потенцирана политичка мисија за општество засновано на принципите на слобода и еднакви можности, како и почитување на правата на граѓаните и уставно загарантираната еднаквост на сите граѓани.

Родовата еднаквост како концепт е многу малку застапена во програмата. Само една од потточките во поглавјето 9 е директно насочена кон родовата еднаквост и се однесува на рамноправната застапеност на жените во политиката. Јазикот што се користи во програмата не е родово сензитивен, а програмата, исто така, не вклучува родово разделени податоци.

**Потпишани декларации што се изготвени од страна на граѓанските организации**:

> Декларација за потпишување на Истанбулската конвенција изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.

Клучни зборови

Жените: 2

Пол: 1

Родова: 1

## Политичка застапеност

Во поглавјето 9 – Одговорно и транспарентно владеење, вклучена е потточката Рамноправна застапеност на жените во политиката. Во текстот се посочува дека партијата се спротивставува на сите видови на дискриминација и се залага за еднакви можности во општествениот и во политичкиот живот. Во овој контекст, во програмата е наведено дека ќе се обезбедат услови за рамноправна застапеност на

жените на изборните листи, како и при именување на носители на јавни функции, членови на управни одбори и сл. Иако не се наведени дополнителни конкретни мерки и чекори – на кој начин ќе се обезбедат условите за рамноправна застапеност на жените, ваквата заложба во програмата може позитивно да придонесе кон зголемување на учеството на жените во процесите на одлучување.

## Здравје

Во поглавјето 13 – Промени во областа на здравството, како приоритет се поставени мерки насочени кон зголемување на достапноста и квалитетот на здравствените услуги, како и проширување на опфатот и намалување на цените. Дополнително, во програмата се предвидува и обезбедување специјализации за гинеколози, нивно распределување во сите подрачја во државата и превентивно дејствување. Имајќи ја предвид ниската покриеност со гинеколози во јавното здравје и негативните последици врз здравјето на жените, оваа мерка е позитивна.

## Демографски политики

Во поглавјето 4 – Зголемување на наталитетот/развој на селата, образложени се проблемите и мерките што ќе се преземат за нивно надминување. Како клучни предизвици идентификувани се економските услови, односно нискиот животен стандард, несигурноста на работните места и високите трошоци за живот. Во насока на надминување на овие предизвици, програмата предвидува приоритетно вработување на млади брачни парови, субвенции и поволни кредити, како и модернизација на селата, како клучен приоритет во оваа област. Дел од овие мерки може да имаат позитивно влијание врз положбата на жените. Сепак, важно е да се истакне дека е неопходно прецизирање на овие мерки. Имајќи ги предвид родовите стереотипи и традиционалната улога на жената како давател на грижа во семејството, нецелосните и недоречени демографски политики се опасност за дополнително уназадување на положбата на жените.

На изборниот компас Демократскиот сојуз нема исказ во однос на абортусот.

# ДВИЖЕЊЕ БЕСА/ КОАЛИЦИЈА СО ПАРТИЈАТА ЗА НАЦИОНАЛНА ПРЕРОДБА РДК – ПРЕРОДБА СО ВЕРБА

**Програма –** 17 страници

Во програмата нема вредносна изјава за родовата еднаквост.

**Родово сензитивни термини**

Жени - 1

Родова еднаквост – /

Семејно насилство – /

Родово – /

Родово поделена статистика – нема

Партиите изборната програма ја образложуваат во 15 поглавја.

Родовите концепти речиси воопшто не се застапени, ниту пак, се користат родово разделени статистички податоци. Терминот „жена" е употребен само во една предлог-мерка во поглавјето за економија, во програмата за поддршка за мали и средни претпријатија. Имено, Беса ќе се залага за поддршка на жените-претприемачи преку кофинансирање, за што е планиран годишен буџет од 200.000 денари, а индивидуалната поддршка би изнесувала најмногу 100.000 денари.

Како посебно маргинализирана група се издвоени родителите што се обврзани на 24-часовна придружба на своите деца, односно родителите на деца со пречки во развојот. Бидејќи оваа категорија на родители не е во можност да работи, планирана е финансиска поддршка за еден од родителите по обезбедено мислење од лекар дека на детето му е потребна постојана придружба. Според законот, овие родители ќе се сметаат за вработени. Податоците и за за оваа тема не се родово разделени, се претпоставува дека е висок процентот на жените што би имале

придобивка од оваа мерка. Дополнително, се претпоставува дека жените ќе имаат корист од предлог-мерките во сферата на образованието, социјалната заштита, инфраструктурата и животната средина.

Иако темата на семејно насилство и насилството врз жената не е споменато во програмата, претседателот на Движењето Беса ја потпиша Декларацијата за ратификација и целосна имплементација на Истанбулската конвенција. Овој чин упатува на подготвеноста на лидерот на партијата за понатамошна соработка на оваа тема и евентуално вклучување во обуки за родова еднаквост. Претпоставка е дека отсуството на обуки на клучните претставници на партијата резултираа со минималната застапеност на родовиот аспект во програмата на Движењето Беса. Сепак, оваа анализа не  е конечна и до следите избори постои можност за засилување на капацитетите на партијата за концептот на родова еднаквост.

**Потпишани декларации што се изготвени од страна на граѓанските организации**:

> Декларација за потпишување на Истанбулската конвенција, изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и Семејно насилство.

# УНИТЕТИ

**Програма –** 25 страници

Во програмата нема вредносна изјава за родовата еднаквост.

**Употребени родово сензитивни термини**

Жени - 1

Родова еднаквост – 2

Семејно насилство – /

Родово – 3

Родово поделена статистика – нема

Партијата УНИТЕТИ ја преставува изборната програма во 16 поглавја. Родовата еднаквост е тема на деветтото поглавје. Не се предложени конкретни мерки, ниту, пак, во програмата е употребен родово сензитивен речник. Во програмата не се среќаваат родово разделени статистички податоци. Текстот повеќе наликува на декларација за генерална поддршка на концептот на родовата еднаквост, кој ќе се реализира преку: вклучување на жените во сите сфери на општеството преку образование, справување со дискриминацијата и предрасудите, вклучување во политиката и во одлучувачките структури, поддршка на женско претприемништво.

Иако темата на семејно насилство и насилство врз жената не е споменато во програмата, лидерот на партијата Унитети ја потпиша Декларацијата за ратификација и целосна имплементација на Истанбулската конвенција. Овој чин упатува на подготвеност на лидерот на партијата за понатамошна соработка на оваа тема и евентуално вклучување во обуки за родова еднаквост. Како и Движењето Беса, претпоставуваме дека и претставници на Унитети ќе се вклучат во обуки за да ја надградат и да ја надополнат програмата на партијата, со посебен фокус на родовиот аспект.

**Потпишани декларации што се изготвени од страна на граѓанските организации**:

Декларација за потпишување на Истанбулската конвенција, изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и Семејно насилство.

## Табеларен преглед на мерките за унапредување на родовата еднаквост во политичките програми

| Политичка Партија | Декларација за ратификување на Истанбулската конвенција | Декларација за промена на законот за прекин на бременоста | Мерки за зголемување на бројот на вработените жени | Мерки за зголемување на бројот на жени во политиката и на раководни позиции |
|---|---|---|---|---|
| ВМРО–ДПМНЕ **(коалиција)** | ✗ | ✗ | ✓ | ✗ |
| СДСМ **(коалиција)** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| ДУИ | | ✗ | ✓ | ✓ |
| Левица | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| Демократски сојуз **(коалиција)** | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ |
| Движење Беса | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ |
| Либерална партија | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ |
| Унитети | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ |

| Мерки за заштита на сексуалните и на репродуктивните права на жените | Мерки за заштита на жртвите на родово базирано насилство | Мерки за справување со стереотипите во образовниот процес | Други специфични мерки за напредување на родовата еднаквост |
|---|---|---|---|
| ✗ | ✓ | ✓ | Нема |
| ✓ | ✓ | ✓ | Воведување на Секретаријат за родова еднаквост, соодност 50:50 на вработените мажи и жени во 2020 година. |
| ✓ | ✓ | ✓ | Обезбедување еднаков пристап до наследството, воведување родови студии на државните и на приватните универзитети. |
| ✓ | ✗ | ✗ | Стимулирање на родовата еднаквост преку условување на јавните набавки. |
| ✗ | ✗ | ✗ | Нема |
| ✗ | ✗ | ✗ | Нема |
| ✗ | ✗ | ✗ | Нема |
| ✗ | ✗ | ✗ | Нема |